Почитувани претставници на граѓанските организации, 10.09.23

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Здружение на граѓани Интернет Хотлајн Провајдер Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6322000

Седиште и адреса (улица, број, општина):
Ул. Методија А. Ченто бр.28, Гази баба1000 Скопје

Застапник: Виолета Ѓорѓиевска
Веб страница: https://www.facebook.com/profile.php?id=100064659490600

Електронска пошта (e-mail): inhopemk@yahoo.com или vikiblog@yahoo.com
Телефонски број за контакт: 070 606 785
Лице за контакт: Виолета Ѓорѓиевска

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

**Наслов на иницијативата:**

**Основање на Центар за побезбеден интернет во РСМ**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Членство во ЕУ
**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Месец Февруари, Иницијативи со висок приоритет, основање на Центар за побезбеден интернет

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
Област – владение на правото и
Поглавје 23 – фундаментални права
Поглавје 24 – правда, слобода и безбедност
Поглавје 10 – информатичко општество и медиуми, услуги

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Зголемувањето на употребата на Интернетот и ИКТ, им нуди на граѓаните многу позитивни можности, но не смееме да ја заборавиме и темната страна на човештвото. Основањето на Центарот за побезбеден интернет (ЦПИ) ќе придонесе борба против незаконските содржини и штетно однесување на Интернет од страна на интернет заедницата; подигнување на јавна свест кај интернт заедницата за ризиците додека се на интернет; промовира побезбедна он-лајн околина за децата и младите; и воспоставуви национална база на знаење. Овој центар ќе соработува со европските центри за побезбеден интернет на ниво на ЕУ - Инсафе, со мрежата на интернет хотлајн организациите ИНХОПЕ на европско и глобано ниво. Истиот ќе игра клучна улога во градење на капацитете на државните институции, ГО, и бизнис заедницата во полето на сајбер безбедност, ќе разменува најдобри практики, алатки и ресурси. Воедно, во извештајот од 2022 год. од ITU е официјално констатирана потребата за отворање на ваков центар.
Воспоставувањето на Центарот за побезбеден Интернет е предвидено во Националната стратегија за сајбер безбедност 2018-2022 година, како и во Националната долгорочна стратегија за ИКТ, која во моментов е во завршна фаза на подготовка

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Национална соработка на сите засегнати страни во борбата против ширењето на материјалите со сексуална злоупотреба на деца и други нелеглани содржини на интернет: државните инсистуции, ГО и ИКТ бизнис заедницата во форма на советодавен одбор; побрза реакција на МВР во решавање на случаевите на дисиминација на материјали со сексуална злоупотреба на деца и други нелегални содржини на интернет – соработка преку ГО интернет хотлајнот и МВР, зголемена свесност кај населението за ризиците на интернет – центарот за подигање на свесност, нивното препозанвање и пријавување во на веб станата на ГО, подобрување на психолошката состојба кај корисниците на интернетот при средба со нелеглани содржини преку линијата за помош. Истото ќе придонесе кон подобрување на нивото на имплементација на конвенцијата за борба против сексуална злоупотреба на деца, конвенцијата за сајбер криминали, Инстанбулската конвенција на Совет на Европа. Подобрување на позициите на РСМ во борбата против организираниот криминал, имплеметацијата на принципите на човековите права и слободи во полето на сајбер безбедноста и улогата на ГО во градење на функционални демократски институции.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)
Буџет на РСМ
Програма за Дигитална Европа

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):
1. Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2022-2024 год.;
2. Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 год.
3. Допис на здружението до Влада, МИОА, МВР, МОН со датум на примем 28.12.2022 год. автор на документот Виолета Ѓорѓиевска

Потпис на застапникот

10.09.2023 година

М.П.

Ѓорѓиев
Виолета Ѓорѓиевска